Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 28/0306
28.02 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 17 февруари 2023 година, врз основа на примена жалба од „КВИР ЦЕНТАР“ Скопје – Здружение за сексуални и родови малцинства за Интернет – порталот „ДоказМ.мк“, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Интернет – порталот „ДоказМ.мк“, со текстот насловен „Стара мома си остана си остана Мариче во Валандово - Америка не виде, Науме ја прелажа“, го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членовите 1, 7 и 14.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 30 јануари 2023 година, „КВИР ЦЕНТАР“ Скопје – Здружение за сексуални и родови малцинства поднесе жалба за текстот со наслов „Стара мома си остана си остана Мариче во Валандовов- Америка не виде, Науме ја прелажа“, објавен на 28 јануари 2023 година, на интернет – порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazm.mk).

Во поднесена жалба се наведува дека текстот содржи незастапена втора страна, говор на омраза, дискриминација и нарушување на приватноста.

Дополнително, жалителот смета дека во написот на порталот се открива детални информации со кои јасно укажуваат на идентитетот на фотографијата за кого се работи, односно за обвинител Ленче Ристоска и се создава основа дека сторијата т. е. текстот, е поврзан со личноста на фотографијата. Авторот со намера создава говор на омраза кон обвинителката, но и кон сите жени. Појаснуваат дека текстот, предизвикал бројни коментари со навредлива и понижувачка содржина со кои се повредува достоинството на обвинителката. Оттаму сметаат дека авторот на текстот сака да ја повреди личноста на фотографијата – обвинителката Ленче Ристоска, што предизвикува двојна виктимизација на жртвата и нејзино изложување на навреди и потсмев.

Жалителот смета дека онлајн медиумот објавил неточни, пристрасни и манипулативно обликуван текст, и дека со фотографијата на обвинителката Ленче Ристоска и содржината т. е. Текстот, само намерно ги доведуваат во заблуда читателите. Авторот не смеел да објавува неосновани, клевети, гласини, измислени приказни, анонимни и други информации чија кредибилност не може да се процени.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „ДоказМ.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е ОСНОВАНА и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 7 и 10.

***Член 1***: *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

*треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".*

***Член 7**: „Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост ".*

***Член 10:** „Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка…)".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на одржана на 17 февруари 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Најпрво, заклучија дека „ДоказМ.мк" не е член на СЕММ и затоа наместо одлука усвојија мислење за текстот.

Текстот под наслов „Стара мома си остана си остана Мариче во Валандово - Америка не виде, Науме ја прелажа", не преставува новинарски производ и не припаѓа на ниту еден познат жарн од новинарството. Дополнителна конфузија создава тоа што линкот на текстот е објавен на Фејсбук страницата на „ДоказМ.мк" на која е објавена фотографија на обвинителката Ленче Ристоска која ја нема во текстот, па се креира заблуда дека Мариче од текстот е всушност Ленче Ристоска.

Обвинителката Ленче Ристоска е јавна личност и не е проблем да се објавуваат нејзини фотографии доколку се работи за јавен интерес а тој не постои текстот. Дали некој е мажен или женет е приватна работа и не поврзана со обвинителската работа или било која јавна функција. Според насоките за етичко известување на онлајн медиумите поврзани со примената на член 1, се истакнува дека онлајн медиумите нема да објавуваат неточни, пристрасни или манипулативно обликувани текстови, фотографии или други содржини со кои читателите намерно се доведуваат во заблуда.

Според насоките за етичко известување на онлајн медиумите поврзани со примената на член 7 се истакнува дека кога е во прашање известување за начинот на работење на носители на јавни функции, политичари или други јавни личности, информации за нивниот приватен живот ќе се објавуваат само кога е тоа од јавен интерес и во директна врска со темата за која се известува. Објавите на официјалните страни на медиумите и на социјалните медиуми, вклучително и коментарите се одговорност на самиот медиум. Под објавата на линкот јасно се гледа дека читателите се збунети од сликата на обвинителката Ленче Ристоска.

Со текстот е прекршен и член 10 во делот на користење на дискриминаторски говор кон жените каде тие се прикажани како субјекти кои треба да се омажат.

“Следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе ги бранат човековите права, достоинството и слободата, ќе го почитуваат плурализмот на идеите и ставовите, ќе придонесуваат за јакнење на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот” се истакнува Кодексот на новинарите во делот на принципи на однесување.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595